19.06.2017

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во Медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, за текстот насловен „СДСМ ќе ја промовира ЛГБТ заедницата во Македонија: Децата ќе учат за хомосексуалноста, ЛБГТ ќе стане заштитена заедница, а Ивон Величковски ќе им ги поддржува-правата“, објавен на интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk).**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 10, 11 и 13.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10***

*„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Член 11***

*„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.“*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот..*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 мај 2017 година, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ поднесе жалба за текстот со наслов „СДСМ ќе ја промовира ЛГБТ заедницата во Македонија: Децата ќе учат за хомосексуалноста, ЛБГТ ќе стане заштитена заедница, а Ивон Величковски ќе им ги поддржува - правата“, објавен на 17 мај 2017 година на интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и ги стигматизира нехетеросексуалците преку изјави кои имаат за цел да создадат ирационален страв од овие лица кај јавноста и да поттикнат вербално и физичко насилство кон истите.

*„Имено, уште во насловот на спорната вест е видлива тенденциозноста со која медиумот има за цел да ги омаловажи лицата, кои припаѓаат на ЛГБТ заедницата и намерата да ја прикажат борбата за еднакви права и потребата од воведување на сексуално образование како нешто неприфатливо“*, наведува жалителот.

*„Очигледно е дека оваа вест предизвикала бран од гнев, предрасуди и омраза кон лицата со поинаква ориентација“*, посочува жалителот, реагирајќи и на секцијата коментари од читатели под текстот, за кои како што наведува, медиумот морал да ги отстрани.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Инфомакс“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од „Инфомакс“ не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

***

**Препорака CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри до земјите - членки во врска со мерките за борба против дискриминација по основа на сексуална ориентација или родов идентитет во делот :**

"Согледувајќи дека лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците и трансродовите лица со векови биле и сè уште се предмет на хомофобија, трансфобија и други форми на нетрпеливост и дискриминација дури и во рамките на своите семејства – вклучително и криминализација, маргинализација, социјално исклучување и насилство – заради сексуалната ориентација или родовиот идентитет, и дека се потребни посебни активности за да се овозможи целосно уживање на човековите права од страна на овие лица"

"...Имајќи го на ум принципот дека ниту културни, традиционални или религиозни вредности ниту правилата на „доминантната култура" можат да се користат како оправдување за говор на омраза или каква било друга форма на дискриминација, вклучително и по основ на сексуална ориентација или родов идентитет..."

**Додаток кон Препораката CM/Rec(2010)5 во точката Б. „Говор на омраза" каде се вели дека-**" Земјите-членки треба да преземат соодветни мерки за борба против сите форми на изразување, вклучително во медиумите и на интернет, за коишто со право се смета дека веројатно ќе имаат ефект на поттикнување, ширење или промовирање на омраза или други форми на дискриминација на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци и трансродови лица. Таквиот „говор на омраза" треба да биде забранет и јавно отфрлен секогаш кога ќе се случи. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со член 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот."

**Пресуда на ЕСЧП Делфи АС (Delfi AS) против Естонија – Ж. бр. 64569/09 Пресуда од 16 јуни 2015 година** во делот "Потврдувајќи ги значајните придобивки за остварувањето на слободата на изразување што може да се извлечат од интернетот, Судот повторил дека, начелно, мора да се сноси одговорност за клевета или за други видови на говор кој е незаконит и дека тоа претставува ефикасно правно средство за повреди на правата на личноста. Покрај тоа, Судот оценил дека, во овој случај, оспорените коментари

претставувале говор на омраза и директно поттикнување на насилство, дека новинскиот портал на компанијата-жалител бил еден од најголемите интернет медиуми во земјата и дека постоела јавна загриженост за контраверзната природа на коментарите кои ги привлекувал. Поради тоа, опсегот на испитувањето на случајот бил ограничен на оцената на „обврските и одговорностите" на новинскиот портал, во смисла на членот 10 став 2, кога за економски цели нудел платформа за коментари на корисниците во врска со претходно објавена содржина и кога некои корисници очигледно користеле незаконити форми на говор. Судот бил задоволен со тоа што домашните правни инструменти предвидувале дека медиумски издавач кој раководи со новинскиот веб-портал за економска цел, начелно, може во согласност со домашното право да сноси одговорност за прикачување на очигледно незаконити коментари на неговиот портал. Како професионален издавач, компанијата-жалител, всушност, била во можност да ги процени ризиците кои биле поврзани со нејзините активности и морала да е во можност да ги предвиди правните последици кои ги носеле со себе. Според тоа, мешањето за кое станува збор било „пропишано со закон" во смисла на членот 10 од Конвенцијата.

**Член 3 од Законот за спречување и заштита од дискиминација во кој се вели дека:** Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

**Член 4 ст. 1 т. 6 од истиот Закон**, тој се применува од страна на сите државни органи, органи на единицата на локалната самоуправа, правни лица со јавни правни овластувања и правни и физички лица во областа на:

... 6) јавно информирање и медиуми;

**Член 5 од истиот Закон,** каде се вели дека Дискриминација е секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа;

***

На седницата на 13.06.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата, најпрво, утврди дека во текстот, интернет порталот Инфомакс тенденциозно се обидува да им даде политичка заднина и да ги поврзе прашањето за правата на ЛГБТ заедницата со прашањето на албанската заедница во Македонија, кои во суштина, се две различни теми:

***„Не само што ќе ја спроведуваат тиранската платформа за албанизација и федерализација на Македонија, СДС планира да ги зголеми и правата на ЛГБТ заедницата со тоа што ќе работат на постигнување на повеќе права, и подигање на свеста за толеранција кон хомосексуалците“.***

Комисијата најде дека во текстот е прекршен горенаведениот член 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува насловот на текстот:

***„СДСМ ќе ја промовира ЛГБТ заедницата во Македонија: Децата ќе учат за хомосексуалноста, ЛБГТ ќе стане заштитена заедница, а Ивон Величковски ќе им ги поддржува-правата“.***

Новинарот секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или изводоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот. Насловот или најавата на прилогот мора да одговара на неговата содржина.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во продолжение, Комисијата најде дека е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

Понатаму, членовите на Комисијата утврдија дека во текстот е прекршен и член 11 од Кодексот на новинари, според кој, новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува.

Комисијата утврди и дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите. Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации.

Освен пропустите од етички аспект, Комисијата, меѓу другото, најде и дека интернет порталот направил сериозен пропуст кога дозволил да бидат објавени дузина недолични коментари од читатели, кои се директна реакција на текстот, што е спротивно на Пресудата на ЕСЧП- Делфи VS Estonia. Во секцијата за коментари под текстот, Комисијата регистрираше повеќе коментари со експлицитни повици на насилство и физичка ликвидација врз основа на сексуална ориентација. Во тој контекст, Комисијата апелира до медиумите внимателно да ја следат содржината на коментарите и да ги отстрануваат кога тие содржат говор на омраза или повикуваат на насилство од омраза.

Во согласност со наведеното, комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Сефер Тахири.

Се обврзува интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595